”

**Луѓето што ги посетуваат националните паркови можат да имаат извонредни искуства преку поврзување со природата и убавите предели, избегнување на урбаната средина и поврзување со семејството и пријателите.**

“



# ИНТЕРВЈУ

## со директорот на Националниот парк Маврово

# САМИР АЈДИНИ

**Зошто вреди да се посети Маврово и во летниот период?**

Националниот парк Маврово е туристичка дестинација која од ден на ден станува сè попозната и поинтересна за домашните и странските гости. Секако дека зимската сезона е многу важна за Маврово, но сепак Националниот парк Маврово нуди далеку повеќе содржини кои се интересни преку целата година.

За разлика од другите туристички центри во земјава, па и пошироко, но и за разлика од другите национални паркови, Националниот парк Маврово секогаш нуди нешто поразлично и поинтересно за посетителите.

Поради својата местоположба, големина, огромните природни богатства, пребогатата флора и фауна, но и поради сета културолошка разноликост на локалното население, ова место е уникатно и идеално за оние што сакаат да пронајдат убаво и специфично место за одмор.

Ова би го поткрепил со фактот дека на територија на паркот се наоѓаат премногу убави и значајни места, локалитети и културно-историски споменици како: врвот Голем Кораб, кој е највисок во земјава и еден од највисоките врвови во регионот, врвовите на Дешат и Бистра, старите и убави мијачки села и Галичник, кој плени со својата убавина, водопадот Пројфел на Длабока Река, околината на Маврово и Мавровското Езеро во кое е сместена потопената црква „Св. Никола“ но и сафари паркот „Бунец“, Долноеканскиот и Горно реканскиот Регион по течението на Радика и нејзиниот кањон, а таму некаде и манастирот „Св. Јован Бигорски“, мостот Елен скок, Водопадот Дуф или Ростушки Водопад кај с. Ростуше, ледничкото езеро Локув над с. Требиште, многу стари џамии и цркви кои се дел од културната ризница на овој регион, и уште многу многу убавини.

За погоренаведеното зборува и тоа дека на територија на паркот низ сите тие планини и скоро до сите најубави врвови, во моментов водат преку 500 км маркирани планинарски и велосипедски патеки идеални за љубителите на овој вид спортско-рекреативна активност. Исто така, се нудат разноразни активности како: прошетки со коњи, спортски риболов, кајакарење по Мавровско Езеро и Радика, качување по карпи, едукативни екскурзии за деца, посета на пештери, „кањонинг“, посета на културно-историски и религиозни споменици, запознавање со начинот на живот на локалното население преку сè почестата појава странските туристи да престојуваат во приватно сместување заедно со мештаните, или да почувствуваат дел од убавите традиционални свадби како Галичката но и реканските во август, и секако, традиционалните локални рецепти и убавата храна со која можеме надалеку да се пофалиме.



**Националните паркови имаат потреба од посетителите за да опстојат. Што правите за да привлечете повеќе посетители?**

Сметаме дека координираноста меѓу давателите на услуги пред сѐ во туристичкиот сектор, е еден битен фактор и тоа е една од причините поради која НП Маврово го отвори Информативниот туристички центар во Маврови Анови. Во просториите на инфо-центарот се одржуваат средби помеѓу хотелиерите, претставниците на приватното сместување или рестораните, но и агенциите што нудат тури или локални организации кои организираат секакви активности. Ние сме отворени за соработка со секого, и секој кој сметал дека може да има корист во изминатиот период ги користел услугите на овој инфо- центар.

Како што одиме напред така се зголемува и потребата од развој и воведување на нови алатки за привлекување на гости. Затоа сме активни во рекламирање на паркот преку интернет, а посебно преку социјалните мрежи. Наскоро воведуваме и нова веб-страница и апликација наменета исклучиво за туризам, а со цел значително да ги доближиме информациите до секој дојден и потенцијален гостин, да го олесниме престојот на секого, да се осигураме дека секој посетител ќе види поголем дел од убавините на паркот, но и да ја подобриме безбедноста.

Сето ова го правиме полека и сметаме дека како што ќе растат капацитетите и понудите, како што локалното население и бизнисмените ќе се ориентираат кон туризмот, така и ние ќе го подигнуваме нивото на рекламирање и презентирање на паркот.

Најчесто се работи за планинари и авантуристи од сите европски земји, но ги има и од Израел, Кина, Јапонија, Америка, Русија и многу други земји. Покрај нив, сѐ почесто не посетуваат кајакари, вљубеници во авантури и адреналински активности. Ова се важни гости за сите нас, но сметаме дека Маврово и целиот регион мора да ја адаптира и насочи својата понуда кон домашните гости.

**Што е специфично за Националниот парк Маврово, што го одвојува од другите?**

Специфично е тоа што НП Маврово е еден од поголемите паркови во регионот, а можеби и во Европа, тоа што тука во околу 40-тина населени места живеат преку 11 000 жители според последниот попис. Локалното население е од различна религиозна и национална припадност, но соживотот е карактеристика по која целиот регион е препознатлив. НП Маврово изобилува со богата флора и фауна и е живеалиште на многу диви животни. Тука го имаме балканскиот рис, кафеавата мечка, дивата коза, радичката пастрмка, тука се и преку 52 планински врвови повисоки од 2 000 метри н.в., убавата клима, пејзажите од Бистра кон Мавровско Езеро, од Галичник кон Река, питомиот народ, културата и разноразните адети. Нашата местоположба е идеална затоа што на најмногу 90 минути оддалеченост со автомобил имаме 2 аеродроми, а делницата која од Скопје води до главниот туристички центар Охрид поминува покрај паркот, но еден дел како дополнителна опција и низ паркот, така што голем дел од посетителите ја користат оваа можност да го видат и Маврово. Пред сѐ на територија на паркот се наоѓа и најголемиот и најубавиот ски-центар во нашата земја.

**Што треба да се направи за туристичката понуда во Маврово да биде уште подобра?**

Мора да се има добра соработка, како помеѓу институциите така и помеѓу приватниот сектор. Настрана од она што секој давател на туристичка услуга го нуди индивидуално и е специфично само за него, мора да постои координираност кога се работи за она што претставува заедничка понуда. Затоа ние подаваме рака за соработка и предлагаме сѐ почести средби во инфо-центарот и управата на паркот. Но овие средби и иницијативи некогаш треба да се иницирани и од самите хотелиери, од угостителите од оние што издаваат соби или даваат некаква услуга.Така ќе успееме да се здружиме и заеднички да настапиме на пазарот. Тоа го правеле сите успешни места и тоа е рецептот за подобра туристичка понуда и дестинација.

Ние, како инстититуции, мора да работиме и работиме на подобрување на еколошката слика, зајакнување на човечките и техничките капацитети, подобрување на патната, но и на целокупната инфраструктура. Во претходниот период, на тој план имаме значително зголемена соработка со локалната самоуправа, комуналното претпријатие, здравствените институции и други, и со нив веќе работиме на неколку проектни активности чиишто резултати треба да ги очекуваме наскоро.

**Мобилната апликација за Нацоналниот парк Маврово беше промовирана по повод Светскиот ден на туристички водичи. Што им нуди апликацијата дополнително на корисниците и од каде може да се преземе?**

Апликацијата и вебстраницата се исклучиво наменети за промоција на туризмот на територија на НП Маврово. Иако ја промовиравме, таа сѐ уште не е целосно активна и очекуваме истата да биде пуштена како „фул" верзија до средината на јули. Тоа е платформа која е замислена да се надградува со нови содржини, но во моментов нуди неколку специфични услуги. Постои дел каде што корисникот ќе може да бара

информации за хотели, ресторани, приватно сместување или активности организирани од страна на некој клуб, агенција и сл. Вториот дел се однесува на електронска наплата на услуги, а во моментов првично ќе биде овозможена наплата на такса за влез на територија на паркот, и уплата за дневна риболовна дозвола, за што сè уште преговараме и размислуваме опции сето тоа да има и законска основа. Третиот дел од апликацијата се однесува на информации за планинарските и патеките за планински велосипедизам, кои ќе бидат достапни за секој што ќе ја спушти апликацијата или ќе ја користи веб-страницата. Најверојатно спуштањето на ГПС-фајловите ќе биде поврзано со наплатата на такса за влез во паркот, но сето тоа сè уште е на маса и отворено за размислување. Апликацијата и страницата се адаптирани за сите платформи и ќе може да се спуштаат и од Play Store и од Appstore.

**Разгледување на дивиот свет и рекреација на отворено се едни од најбрзорастечките сектори во светот. На пример, во Австралија, туристичкиот сектор базиран на природата секоја година придонесува околу 23 милијарди долари во економијата. Каква е ситуацијата кај нас?**

Се согласувам со вашиот коментар и воедно сметам дека тоа е она кон кое треба да се стремиме. Ние веќе разработуваме идеи за воведување на тури за набљудување на диви животни или таканаречено фото-сафари. Претходно соработувавме со една агенција со која реализиравме неколку вакви тури за набљудување на мечка и тие поминаа доста успешно. Исто така, дел од вработените добија обука за водење на вакви тури, но и обука од програмата Live no trace. Во моментов планираме изградба на неколку набљудувачници и засолништа. Дел од опремата предвидена за ваков вид активности ја имаме, располагаме и со доволен број на возила, но неопходно е да се набави и дополнителна опрема. Сето ова очекуваме да се реализира и со помош на финансиски средства обезбедени од проекти. Иако сме на почеток, сметам дека оваа идеја наскоро ќе прерасне во понуда од која корист ќе имаат и локалните бизниси.

**Националниот парк Маврово нема влезница, а светска практика е да се наплатува влез во националните паркови, особено ако се користат приватни возила за влез во паркот. Зошто НП Маврово ја нема таа практика и дали воведувањето на влезница би помогнала за одржувањето и развојот на НП?**

Наша обврска, но и право на паркот е да наплатува одредени такси. Ние тоа го правиме и сега но поради специфичноста на паркот, а тука пред сè поради неговата големина, тоа што низ него поминува патот кон Дебар, поради големиот број на население, и низа други околности, ние сè уште не сме го изнашле најдоброто решение за овој голем проблем. Разгледуваме и размислуваме за неколку варијанти, но нема да избрзуваме со оваа одлука и најверојатно ќе бараме подетално истражување од страна на стручни лица.
Во моментов наплата на такса за влез во паркот се наплатува само во просториите на Инфо-центарот во Маврови Анови, а цена на еден билет изнесува само 30 денари по човек. Како втора опција ќе биде наплатата преку апликацијата од каде што очекуваме одредено зголемување во реализацијата, но сепак сметам дека наскоро ќе мора да се преземат посериозни и порешителни чекори во оваа насока. Исто така, опција која е доста реална е наплата на такса во хотелите, сместувачките капацитети и ски-центарот, но сепак за тоа треба доста преговарање и усогласување.

Иронично е тоа што некои домашни агенции или спортски – планинарски друштва кои доаѓаат во голем број и знаат за оваа такса, честопати ќе направат сè за да ја избегнат.

Но тоа се проблеми со кои мора да се справиме и ние нема да отстапиме од намерата туризмот да ни биде еден значителен извор на финансирање .

Јас лично, а и мојот тим на соработници, сметаме дека иднината на паркот е во развојот на туризмот, а притоа неизбежно ќе биде воведување на систем за наплата на такса за влез во паркот но и такса за паркинг и др.

**Што правите за да се заштити биодиверзитетот на Националниот парк, а во исто време да им понудите креативни и интересни содржини на посетителите?**

Во моментов работиме на неколку програми за заштита. Заедно со Македонското еколошко друштво го реализираме проектот за заштита на балканскиот рис, а во текот на летниот период, со помош на фото-замки ќе се врши и пребројување и утврдување на состојбата на дивокозата и други диви животни. Паралелно со тоа се реализираат едукативни работилници за вработени, за локалното население, но најважно од сè е тоа што реализираме едукативни активности во основните училишта низ општината. Претходно, во соработка со УСАИД, беше реализиран проект за обука на собирачи на шумски плодови, со што локалното население се стекна со сертификати за собирање но и едукација за начинот на собирање и видовите на растенија и шумски плодови на територија на паркот. Отворена е и Патеката на Петко и шумските жители, наменета за деца кои преку игра и интеракција учат за природата и паркот. На овој начин го доближуваме паркот до јавноста и сметаме дека ова е вистинскиот начин за тоа. Секако, ние размислуваме за уште многу нови содржини и сме отворени за нови идеи и соработки.

**Како треба да се однесуваат посетителите на НП? Што треба и што не треба да прават додека се гости во НП?**

Пред сè гостите треба да знаат дека националните паркови се така убави затоа што тие претставуваат заштитени подрачја каде што постојат некои други правила на однесување.

Дали некој е свесен за тоа дека се наоѓа на територија на заштитено подрачје или не, и дали ќе го почитува и ќе му значи нешто тоа, сепак е до нивото на свеста и културата на секој поединец.

Постојат примери низ светот каде што секој посетител мора да се движи исклучиво по одредени рути, мора да го паркира возилото на строго определени места, и што уште не. Постојат слични правила дури и кај нас во паркот, но сепак најпрвин ќе мора вистински да научиме што значи национален парк и која е користа од него за една држава и народ, а потоа да спроведуваме.

Можам да кажам дека од сегашен аспект сме сè позадоволни од односот на гостите во паркот, но сепак сè уште има простор ова да се поправи.

И тука повторно има две страни. Ние мора да работиме на појаснување на правилата за движење низ паркот, посебно во строго заштитените зони каде што има одредени ограничувања, а гостите мора да ја разберат ситуацијата и да ги почитуваат правилата.

Она што е најбитно да се знае и да се почитува е дека секој турист, посебно странците но и организираните групи кои одат на планина задолжително треба да се пријават во Информативниот турстички центар. Таму ќе добијат корисни информации за нивниот престој, ќе разгледаат опции за посета на природни и културни знаменитости, уредно ќе може да платат туристичка такса, но и да ја пријават својата група што е пак многу битно од безбедносен аспект, затоа што на тој начин ние ќе знаеме во кој дел се движи одредено лице или група, и ќе може навремено да се приготвиме за евентуална реакција во случај на несреќа.